Врз основа на член 104 од Законот за здруженија и фондации 2010 (,,Сл.весник на РМ” бр.52/2010) собранието на Здружението „Локална Агенција за Развој “- Струга, на седницата одржана на ден 30/03/2013 година го донесе следниов пречистен текст на:

# С Т А Т У Т
# НА
# ЗДРУЖЕНИЕ “ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ”

## 1.Општи одредби

### Член 1

Здружението ,, Локална Агенција за Развој ,, - од Струга е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за локален развој, локална демократија и граѓански активизам, зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој на територијата на Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот.

### Член 2

Граѓаните се здружуваат во Здружението, заради остварување на следниве цели:

- Поддршка на интеркултурна соработка и меѓу-етнички дијалог
- Остварувањето на Милениумските Развојни Цели преку овозможување на подобар и еднаков пристап за социјално маргинализирани групи.
- Регионален развој преку вмрежување со различни заинтересирани страни од регионот и преку-гранична соработка
- Намалување на разликата во развојот помеѓу урбаните и руралните средини во нашиот регион
- Подобрување на квалитетот на живот на жителите од југозападниот регион на Македонија
- Промоција на одржливи форми на туризам

**Член 3**

Здружението ,,Локална Агенција за Развој,, - од Струга, дејствува на целата територијата на РМ. Здружението во своето дејствување може да се проширува на интернационално ниво и може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно Уставот и Законот на РМ и овој Статут.

**Член 4**

Здружението како Здружение на граѓани своите цели ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Македонија, со овој Статут и Законите на Р Македонија.

**Член 5**

Називот на здружението е:
**Здружение „Локална Агенција за Развој"**

Скратениот назив на Здружението е:
**ЛАР – Струга**

Името на англиски јазик е:
**CSO „Local Development Agency"**

Скратениот назив на англиски јазик е :
**LDA – Struga**

**Член 6**

Седиштето на здружението е во **Струга на ул. ,,Владо Малески-Тале" б.б., 6330 Струга,** а се организира и делува на подрачјето на РМ и останатите земји**.**

**Член 7**

CREATING SUSTAINABLE SOLUTIONS

Здружението ,,Локална Агенција за Развој,, - од Струга има својство на правно лице со права обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.
Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името и седиштето на здружението на Македонски јазик со кирилично писмо а на средината стои логото на Здружението
Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст: Здружение ,,Локална Агенција за Развој,, на Македонски јазик со кирилично писмо јазик , број, дата и место.

## 2. Цели и задачи на Здружението

**Член 8**

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес.

Мисијата на здружението е:

Постигнување подобар квалитет на живот за жителите на урбаните и руралните делови од општина Струга и регионот и придонесување за регионалниот развој преку соработка со различни актери од југозападниот регион на Македонија и соседна Албанија и Грција.

Мисијата се остварува преку следните задачи на Здружението:

- Поддршка на интеркултурна соработка и меѓуетнички дијалог
- Остварувањето на Милениумските Развојни Цели преку овозможување на подобар и еднаков пристап за социјално маргинализирани групи.
- Регионален развој преку вмрежување со различни заинтересирани страни од регионот и преку-гранична соработка
- Намалување на разликата во развојот помеѓу урбаните и руралните средини во нашиот регион
- Подобрување на квалитетот на живот на жителите од југозападниот регион на Македонија
- Промовирање на вредности и принципи, спроведување на приоритети на организацијата на обединети нации за образование, наука и култура ( УНЕСКО ), и како локален клуб ќе работи на реализација на програмски активности во согласност со нивните препораки и програми;
- Промоција на одржливи форми на туризам

**Член 9**

Здружението со посебна одлука може да формира акционерско друштво, со ограничена одговорност и друг облик, согласно Законот за трговски друштва на РМ.

Здружението работи врз основа на стратешки план и годишна програма за работа.

### Член 10

Своите цели и задачи, здружението ги остварува преку следниве активности:

- Спроведување на активности наведени во стратешкиот и годишниот план
- Подготовка и аплицирање на проекти кај национални и меѓународни донатори
- Прибирање на средства за реализација на мисијата на здружението
- организирање на конференции, семинари, работилници, обуки, кампови и останати едукативни активности
- организирање кампањи за зајакнување на свеста и промовирање на мисијата на здружението
- застапување и лобирање
- поттикнување и поддршка на граѓански иницијативи -спроведување на партнерски проекти
-врши и други работи предвидени со овој статут

## 3. Членување

### Член 11

Член на Здружението ,, Локална Агенција за Развој ,, - Струга може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Македонија и/или странец, кој ќе биде предложен од Управниот одбор.
Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање на потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување, во согласност со Закон.
Зачленувањето на Здружението се врши со пристапница односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа со потпишување на лична писмена изјава.

Здружението ,,Локална Агенција за Развој,, - Струга за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

CREATING SUSTAINABLE SOLUTIONS

### Член 12

Членот има право да бира и да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението, да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, да ги изнесува своите ставови по поставени прашања.

**Член 13**

Членовите на Здружението се должни:
- Да го почитуваат Статутот,
- Да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението во остварувњето на целите на Здружението
- Да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението,
- Да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа.

**Член 14**

Членството во Здружението може да престане:
- По барање на членот на Здружението,
- Ако не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него,
- Ако дејствува против целите на Здружението,
- Ако не ја плаќа редовно чланарината,

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Управниот Одбор на Здружението.

## 4. Јавност во работата

**Член 15**

Работата на Здружението ,,Локална Агенција за Развој" е јавна. За информирање на членовите и пошироката јавност се користат медиумите, друштвените мрежи, веб страната на ЛАР, и промотивни материјали.
Јавноста во работењето се обезбедува преку:
-редовно известување за активностите на Здружението,
-мониторинг при спроведување на активностите и проектите,
-објавување Годишен наративен и финансиски извештај за работата на Здружението.

CREATING SUSTAINABLE SOLUTIONS

## 5. Финансирање на здружението

**Член 16**

Здружението остварува средства од:
- Членарина,
- Донации и доброволни прилози,
- Буџет на РМ и локалните самоуправи,
- Давање на услуги на поединци, други здруженија, организации и институции

- Провизии од органи, организации, Заедници и од други установи
- Од трговски друштва и други правни лица;
- Од други услуги (имотни права и сл.)
- Од други извори предвидени со Законот за Здруженија на граѓани и фондации

**Член 17**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни финансиски документи.

**Член 18**

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**Член 19**

Здружението ,,Локална Агенција за Развој" донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 16 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението.

## 6. Органи на Здружението

**Член 20**

Органи на Здружението ,,Локална Агенција за Развој" се:

1. Собрание
2. Управен одбор
3. Тим за имплементација
4. Борд на директори

CREATING SUSTAINABLE SOLUTIONS

## 7. Собрание на здружението

**Член 21**

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на Здружението ,,Локална Агенција за Развој" го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението.

Собранието избира Претседавач со мандат од 4 години со право на повторен избор. Претседавачот го претставува и застапува Здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 22**

Изборното Собрание се свикува на секои 4 години и конституирањето на органите мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите, на органите.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена или електронска форма се доставуваат најмалку 3 дена пред одржувањето седницата.

**Член 23**

Седници на Собрание свикува: Претседавачот на Собранието по сопствена иницијатива, по предлог на Управниот одбор на Здружението или предлог на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието или Управниот Одбор.

Ако Претседавачот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување и водење на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 24**

Претседавачот ги има следните права,должности и одговорности:

- свикува седници на Собранието и УО
- предлага кандидати за УО
- раководи со седниците на собранието
- ги потпишува одлуките и документите на Собранието
- врши други работи што ќе му ги довери Собранието,УО или произлегуваат од Деловникот .

**Член 25**

Собранието на Здружението „Локална Агенција за Развој" од Струга од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија избира Управен одбор.

**Член 26**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението ,,Локална Агенција за Развој" и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа
- Усвојува завршна сметка и финансиски план
- Одлучува за промена на целите на здружението
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации.
- Ја верификува одлуката на УО за прием на нови членови и престанок на членувањето по предлог на Управниот Одбор.
- Избира Претседавач на собранието
- Донесува Стратешки план
- Избира и разрешува членови на Управен одбор
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор помеѓу две собранија
- Ја следи материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство
- Одлучува за формирање на трговски друштва
- Решава за формирање на ограноци на Здружението;
- Донесува Деловник за работа на УО
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите

**Член 27**

Правата, должностите и одговорностите на Собранието во итни случаи ги врши Управниот одбор на Здружението, при што има обврска на првата наредна седница на Собранието да поднесе извештај за превземените активности.

CREATING SUSTAINABLE SOLUTIONS

**8. Управен одбор**

**Член 28**

Управниот одбор е извршен орган на Здружението. Управниот одбор брои 5 члена со мандат од четири години.
Во Управниот одбор членува и Претседавачот на Собранието со право на глас.
Во работата на Управниот одбор учествува и Извршниот директор без право на глас.

Членови на УО треба да бидат личности со кредибилитет и авторитет во граѓанскиот сектор и во општеството, избрани од областите кои ги рефлектираат програмските интереси на Локална Агенција за Развој.

**Член 29**

Членовите на Управниот одбор ги избира Собранието, на предлог на Претседавачот на Собранието , со просто мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови.
На првата конститутивна седница, Управниот одбор од своите членови избира Претседавач на УО.
Претседавачот на Собранието не може да биде Претседавач на Управниот Одбор.

**Член 30**

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседавачот на Управниот одбор.
Седниците на Управниот одбор се свикуваат и по предлог на најмалку 1/3 од членовите на Управниот Одбор или на предлог на Извршниот Директор.

**Член 31**

Управниот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови. Управниот одбор своите одлуки ги донесува со јавно гласање со мнозинство од присутните членови.

Во итни случаи Управниот одбор може да се произнесува и одлучува и преку електронска пошта.

За работата на Управниот одбор се води записник кој се усвојува на наредната седница, а го потпишуваат Претседавачот на Управниот одбор и записничарот.

CREATING SUSTAINABLE SOLUTIONS

**Член 32**

Надлежности на Управниот одбор се следните:

- од своите редови, а на предлог на 1/3 од членовите на Управниот одбор избира Претседавач на Управниот одбор;
- избира Извршен директор;
- ги спроведува статутарните задачи на Здружението, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- ги разгледува и му ги предлага на Собранието програмската ориентација и финансискиот план за работата на Здружението;

- го разгледува и му ги предлага на Собранието извештаите од програмското и финансиското работење на Здружението со што врши и надзорна улога над работата на Извршниот директор;
- предлага измени и дополнувања на Статутот;
- прибира средства за имплементација на програмски активности и за оперативното работење на Извршната канцеларија
- врши промоција на здружението пред јавноста и пред потенцијалните донатори
- донесува одлуки за формирање на постојани и повремени комисии и ја насочува нивната работа;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за отуѓување на основните средства;
- ги прегледува и процесира апликациите за членство или пристапниците и донесува одлука за прием или исклучување
- донесува одлука за висина на членарината;
- донесува одлуки по приговори и жалби;
- учествува во изготвувањето на програмската ориентација и финансискиот план за работата на Здружението;
- утврдува начела за внатрешна организација на тимот за имплементација ;
- предлага до Собранието именување на почесни членови на Здружението;
- извршува и други работи кои произлегуваат од Статутот на Здружението и од Законот

**Член 33**

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието.
Со седницата раководи и претседава Претседавачот на Управниот одбор, а во негово отсуство и по негово овластување Потпретседавачот.

Начинот на свикувањето на седницата и другите прашања од работењето на Управниот одбор се уредуваат со Деловникот за работа на Управниот Одбор.

**Член 34**

Функцијата член на Управен одбор престанува: по сопствено барање или со разрешување од Собранието со просто мнозинство

Предлог за разрешување на член на Управен одбор може да поднесе:
- мнозинство од членовите на Управниот одбор или
- 1/3 од вкупниот број членови на собранието.

**Член 35**

Во случај на оставка или трајна спреченост на член на Управниот одбор, Собранието избира нов член на Управниот одбор.

## 9. Претседавач на Управен одбор

**Член 36**

Претседавачот на Управниот одбор се избира од членовите на Управниот одбор по предлозите на членовите на Управниот одбор на Здружението преку гласање.

Права, обврски и овластувања на претседавачот на Управениот одбор се:

- да ги свикува и раководи со седниците на Управниот одбор;
- да го надгледува оперативното работење на Тимот за имплементација за што го известува управниот одбор на секоја наредна седница
- да учествува во процесот на прибирање на средства за програмското и оперативно работење на здружението
- да ја спроведува политиката на здружението;
- да се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците и другите акти на Управниот одбор;
- да ги потпишува одлуките и актите на Управниот одбор
- да врши и други работи кои произлегуваат од овој статут.

**Член 37**

Функцијата на претседавачот на Управниот одбор му престанува:

- по сопствено барање
- со разрешување од Управниот одбор

**Член 38**

Управниот Одбор избира извршен директор на "Локална Агенција за Развој" и со него се склучува договор во траење од 5 години. Извршниот директор ги има следните права, обврски и одговорности:

- Го воспоставува и го раководи тимот за имплементација
- Изготвува  предлог стратегија, годишна програма и финансиски план за работа на Здружението и ги предлага до Управниот одбор.
- Ги имплементира активностите кои произлегуваат од стратегијата, годишната програма и финансискиот план за работа на Здружението
- Ги спроведува одлуките на Управниот одбор
- Ги спроведува и координира активностите кои произлегуваат од секојдневното работење на организацијата,
- Врши проценка и ги организира ресурсите и капацитетите на здружението во интерес на спроведување на активностите

## 10. Претставување и застапување на здружението

### Член 39

Здружението го претставува и застапува во платен промет и спрема трети лица Извршниот директор на Здружението или од него овластено лице.

## 11. Статусни промени и престанок на здружението

### Член 40

За статусни промени се сметаат, присоединување и спојување кон други организации или поделба на здружението на повеќе организации.
За статусни промени одлучува собранието со 2/3 мнозинство.

### Член 41

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение на граѓани;
- Ако се утврди дека здружението престанало да работи;
- Во други случаи определени со закон

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

### Член 42

По престанок на работа на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по надмирување на обврските ќе се распределат согласно :

- Одлука на Управен Одбор : во рок од 14 дена по престанокот, Управниот одбор ќе донесе одлука за прераспределба на истите.

## 16. Преодни и завршни одредби

**Член 43**

Право на толкување на овој Статут има Собранието на Здружението, а помеѓу две седници на Собранието, Управниот одбор на Здружението.

**Член 44**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 45**

Општите акти и деловници за работа ќе се усогласат со овој Статут во рок од 3 месеци од денот на неговото влегување во сила.

**Член 46**

Прашањата кои не се регулирани со овој Статут се регулираат со акти на органите на Здружението.

**Член 47**

Со влегување на сила на овој Статут престанува да важи Статутот донесен на седница на Собранието одржана на 04.04.2011 година

**Член 48**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување на ден 30.03.2013 година.

Претседавач на Собрание на Здружението
„Локална Агенција за Развој" Струга

30.03.2013 год.
Струга

CREATING SUSTAINABLE SOLUTIONS